# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.38 од 05.06.2002 година**

**Член 1**

Во Законот за матичната евиденција ("Службен весник на Република Македонија" број 8/95), по членот 3 се додава нов член 3-а, кој гласи:

**"Член 3-а**

Матичните книги се водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
Во подрачјата на единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, образецот на матичните книги се печати и податоците во него се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.
Изводите што се издаваат врз основа на матичните книги од став 2 на овој член се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот."

**Член 2**

Во членот 9 ставот 2 се брише.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".